Date Printed: 04/21/2009

| | |
|---|---|
| JTS Box Number: | IFES_65 |
| Tab Number: | 125 |
| Document Title: | MOCT |
| Document Date: | 2002 |
| Document Country: | Macedonia |
| Document Language: | Macedonian |
| IFES ID: | CE00963 |

*6E246002-A3E1-4B25-B194-7BB57A46113B*

# МОСТ

# Прирачник за Набљудувачи на Парламентарните Избори 2002

MONITORING 2002

**МОСТ – Домашно непартиско набљудување на изборите** 1
**Домашно непартиско набљудување на изборите** 1
Кој може да биде непартиски набљудувач 1
Улогата на непартискиот набљудувач 1
**Принципи на домашните непартиски набљудувачи** 1
Што вели изборниот закон за набљудувачите 2
Што вели ДИК за набљудувачите 2
Изјава на набљудувачите на МОСТ 2
**Други набљудувачи** 3
Меѓународни набљудувачи 3
Партиски набљудувачи 3
**Правна Рамка** 4
**Изборно Законодавство** 4
Уставни одредби што се однесуваат на изборниот систем 4
Закон за избор на пратеници во Собранието на Р.М. 4
Закон за избирачкиот список 4
Закон за изборни единици 5
Закон за гласачки места 5
Закон за политички партии 5
Кривичен закон 5
Одредби на ДИК 5
**Изборна администрација** 6
Државна изборна комисија 6
Регионална изборна комисија 6
Општинска изборна комисија 6
Избирачки одбор 7
Врховен суд 7
**Изборен Процес** 8
Објавување на изборите 8
Формирање на изборна администрација 8
Кандидатура 8
Кампања 8
Ден на избори 8
Табеларен приказ на резултати 8
Приговори 9
Повторени избори 9
Објавување на резултати 9
**Процес на Денот на Изборите** 10
Гласање на 14-ти септември 10
Документи и материјали на Избирачкиот одбор 10
Отворање на гласачките места 10
Изглед на гласачкото место 11
Идентификација и регистрирање на гласачот 11
Издавање на гласачко-ливче 11
Гласање 12
Ред на гласачкото место 12
Затворање на гласачкото место 12
Пребројување на гласовите 13
Записници на Гласачкото место 13
Поплаки и коментари 14
Опчтинска изборна комисија 14
Регионална изборна комисија 14
Државна изборна комисија 14
**Организациона Структура на Набљудувањето на Изборите на МОСТ** 15
За МОСТ 15
Централна канцеларија 15
Регионална канцеларија 15
Мобилни тимови 16
Координатори на набљудувачите 16
Набљудувачи 16
**Инструкции за Набљудувачите** 17
Што треба да понесете со вас 17
Формулари 17
Како да се однесувате 17
Пристигнување на гласачкото место 17
Отворање на гласачките места 17
Гласачко место: внатре и надвор 18
Гласачка процедура 18
Пребројување 18
Критични настани 19
Известување 19
**Прилози** 20
Кодекс на ДИК за однесување на набљудувачите 20
Изјава на набљудувачите на МОСТ 21
Овластување на МОСТ 22
Формулар Р1 22
Формулар К1 (Критични инциденти) 22

# I МОСТ - ДОМАШНО НЕПАРТИСКО НАБЉУДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

*Домашно непартиско набљудување на изборите*

Демократијата функционира затоа што луѓето гледаат како таа функционира. Насекаде во светот изборите се успешни не само поради бирачите, туку и поради учеството на илјадници набљудувачи на изборите. Нивната работа е да гледаат што се случува и да го забележат она што ќе го видат. Со самото нивно присуство на гласачките места и при пребројувањето на гласовите, набљудувачите можат да го намалат бројот на неправилностите во изборите. Просто речено, колку е потранспарентен изборниот процес, толку е помала веројатноста дека некој ќе ги прекрши правилата и прописите без да биде фатен.

Домашното непартиско набљудување на изборите претставува мониторинг на изборите што се врши од страна на независни групи чиј интерес е гарантирањето на интегритетот на изборниот процес.

За разлика од партиските набљудувачи кои ги набљудуваат изборите за да ги заштитат партиските интереси, единствената цел на непартиските набљудувачи е регуларноста на изборниот процес.

Кој може да биде непартиски набљудувач

Непартиските набљудувачи се поединци што се овластени да вршат набљудување од страна на невладина организација. Организацијата мора да биде регистрирана како организација за заштита на човековите права.

Улогата на непартискиот набљудувач

Твоето набљудување на гласачкото место ќе помогне во откривањето и спречувањето на повредите на правилата од изборните закони. Твојата улога е многу важна за изградбата на стабилни демократски процеси во Македонија.

*Принципи на домашните непартиски набљудувачи*

Активностите на домашните непартиски набљудувачи се засновани врз верувањето дека сите партии се еднакви конкуренти во изборите. Тие не можат на никаков начин да го изразат своето партиско убедување или да работат за да ги штитат интересите на определена партија. Тие мораат да бидат непристрасни и одговорни и треба да разбираат дека нивната улога не е да се мешаат во изборниот процес, туку само да го набљудуваат и одговорно да известуваат за него.

Правата и должностите на непартиските набљудувачи на изборите се уредени со:

1. Законот за избор на пратеници
2. Кодекс на однесување за набљудувачите, донесен од страна на Државната изборна комисија.

Покрај ова МОСТ бара од секој набљудувач да потпише Набљудувачка заклетва, во која набљудувачот ветува дека ќе ги почитува непартиските вредности.

**Што вели изборниот закон за набљудувачите**

Член 109

Изборите и изборниот процес може да бидат набљудувани од:

- Регистрирани домашни и странски здруженија на граѓани на Република Македонија и регистрирани странски здруженија во чии што статути се вклучени принципите на демократијата и на заштитата на човековите права;
- Меѓународни организации; и
- Претставници на странски држави.

(2)Државната изборна комисија ја утврдува постапката за изведување на набљудувачка мисија.

**Што вели ДИК за набљудувачите**

Кодексот за набљудувачите на изборите, донесен од страна на ДИК ги утврдува правилата што набљудувачите од МОСТ треба да ги почитуваат. Секое прекршување на овие правила ќе резултира со одземање на овластувањето за набљудување. Следи извадок од Кодексот:

- Набљудувачите треба да ги познаваат и почитуваат изборните закони и да се придржуваат кон сите законски и подзаконски акти со кои се уредува постапката за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија;
- Набљудувачите се непристрасни во извршувањето на своите должности и во ниеден момент не смеат да изразат пристрасност кон изборните органи, политичките партии, група избирачи, кандидати за пратеници или по какво било спорно прашање во изборниот процес;
- Набљудувачите нема да се мешаат во изборниот процес, во постапката на денот на изборите, како и во постапката при броењето на гласовите;
- Набљудувачите се должни да носат лична исправа за идентификација и исправа за идентификација (беџови) издадени од страна на Државната изборна комисија;
- Набљудувачите не смеат да носат никакви партиски симболи или ознаки;
- Набљудувачите не смеат да даваат упатства или да влијаат на работата и одлуките на изборните органи;
- Набљудувачите се воздржуваат од давање лични и предвремени изјави за набљудувањето на средствата за јавно информирање или на други заинтересирани лица;
- Набљудувачите своите заклучоци ги засноваат врз документирани и потврдени факти.

Во прилог е даден Кодексот во целост (дел 6)

**Изјава на набљудувачите на МОСТ**

Покрај Кодексот, МОСТ бара од секој набљудувач да потпише лична изјава што ги обврзува набљудувачите на МОСТ да ги почитуваат правилата за набљудување.

Во прилог е дадена изјавата (дел 6)

**Други набљудувачи**

Постојат 3 главни "групи" на набљудувачи - домашни непартиски набљудувачи (МОСТ), меѓународни набљудувачи и партиски набљудувачи.

**Меѓународни набљудувачи**

Голема е веројатноста дека на гласачкото место ќе видите меѓународни набљудувачи. Најголемиот број од нив ќе бидат набљудувачи на ОБСЕ/ОДИХР. ОБСЕ е меѓународна организација, а Македонија е нејзина членка. ОДИХР е канцеларија на ОБСЕ што е одговорна за набљудување на избори.

Меѓутоа, вие најверојатно ќе сретнете и набљудувачи на претставниците на влади и на меѓународни организации, како и претставници на меѓународни невладини организации. На што се должи толкавото присуство на меѓународни набљудувачи? Тие се повикани од страна на Владата на Македонија да посведочат за процесот и да придонесат кон неговата транспарентност.

Сите меѓународни набљудувачи ќе носат акредитации. Тие ќе бидат придружувани од преведувачи, кои исто така треба да носат акредитации со ознаката - преведувач. Набљудувачите на ОБСЕ/ОДИХР најверојатно ќе носат и други ознаки за јасно да се разликуваат од останатите набљудувачи.

**Партиски набљудувачи**

Секоја партија, коалиција или група на гласачи (подносители на листа) има право да назначи набљудувач што ќе ги надгледува изборите. Партиските набљудувачи имаат права и обврски што се разликуваат од правата и обврските на домашните набљудувачи. Тие ги набљудуваат изборите со цел да ги заштитат сопствените партиски интереси. Партиските набљудувачи официјално се нарекуваат претставници на подносителот на листа. Ние во овој прирачник ќе ги нарекуваме партиски набљудувачи. Тие имаат право да го предупредат Избирачкиот одбор ако забележат неправилности и да внесат забелешки во службениот записник на гласачкото место.

# II ПРАВНА РАМКА

**Изборно законодавство**

Изборното законодавство што ги утврдува правилата за изборот на пратеници во Собранието на Република Македонија се состои од:

а) Уставни одредби што се однесуваат на изборниот систем
б) Закон за избор на пратеници во Собранието на Р.М.
в) Закон за избирачки список
г) Закон за изборни единици
д) Закон за гласачки места
ѓ) Закон за политички партии
е) Кривичен закон
ж) Одредби на ДИК

**Уставни одредби што се однесуваат на изборниот систем**

Членовите 22, 62 и 63 од Уставот на Република Македонија ги обезбедуваат основните права на бирачите и составот на парламентот. Уставот им дава на бирачите еднакви, универзални и непосредни права да гласаат на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање. Уставот ја уредува и големината на парламентот: 120-140 пратеници со четиригодишен мандат.

**Закон за избор на пратеници во Собранието на Р.М.**

Законот за избор на пратеници во Собранието на Р.М. што беше усвоен на 25 јуни 2002 година и стапи на сила на 2 јули 2002 година, ги уредува начинот, условите и постапката за избор на Пратеници во Собранието на Република Македонија. Собранието на Република Македонија се состои од 120 пратеници избрани според пропорционалниот модел. Територијата на Република Македонија е поделена на 6 изборни единици. Во секоја единица се избираат по 20 пратеници. Една партија, или коалиција или група на граѓани може да предложи листа од 20 кандидати. Пресметувањето на мандатите од местата се врши по Донтовиот метод.

**Закон за избирачкиот список**

Законот за избирачки список, усвоен на 25 јуни 2002 година, што стапи на сила на 2 јули 2002, ги уредува начинот и постапката за регистрирање на гласачкото право и за одржување на Избирачкиот список. Македонските граѓани го остваруваат своето право на глас врз основа на тоа дали се запишани во Избирачкиот список.

Сите граѓани што имаат наполнето 18 години, имаат постојано живеалиште на територијата на Република Македонија и имаат важечка лична карта или пасош треба да бидат запишани во Избирачкиот список. Министерството за правда е одговорно за запишување, додавање и бришење на податоци во Избирачкиот список на барање на граѓаните или врз основа на податоци од списоци, документи за жителство и државјанство на Република Македонија, други службени архиви, како и преку директна проверка. Ажурирањето на Избирачкиот список се прави двапати годишно, од 1 до 10 февруари и од 1 до 10 јули. Во случај кога се објавуваат избори или референдум, податоците се доставуваат еден ден по објавувањето на изборите или на референдумот.

Министерството за правда го дава Избирачкиот список на јавна проверка преку своите подрачни единици не подоцна од 15 дена по објавувањето на изборите. Проверката трае 15 дена. По проверката Избирачкиот список се доставува до Државната изборна комисија што треба да го потврди заклучениот Избирачки список во рок од 5 дена по приемот.

**Закон за изборни единици**

Законот за изборни единици, усвоен на 26-ти јуни 2002 година и ставен на сила од 3 јули 2002 година, ја определува територијата на изборната единица за изборот на 120-те пратеници според пропорционалниот модел. Бројот на гласачи во секоја изборна единица е еднаков (+/- 3%). Територијата на Република Македонија е поделена во шест изборни единици како што следи:

| | |
|---|---|
| ИЕ 1 | Скопје југ |
| ИЕ 2 | Скопје север |
| ИЕ 3 | Штип Велес |
| ИЕ 4 | Струмица Прилеп |
| ИЕ 5 | Охрид Битола |
| ИЕ 6 | Тетово Гостивар |

**Закон за гласачки места**

Законот за гласачки места, усвоен 1997 година, ги уредува критериумите и постапката за определување на гласачките места за избор на пратеници, Претседател на државата, избор на членови на општинските совети и избор на градоначалници на единиците на локалната самоуправа, како и за референдуми. Горната граница на број на гласачи што можат да гласаат на едно гласачко место изнесува 1000. Ако бројот на гласачи е поголем од 1000, а не постојат услови за прераспределување на гласачите во друго гласачко место, тогаш бројот на гласачи на тоа гласачко место може да достигне до 1200.

Според член 7 од овој закон гласачкото место не може да биде лоцирано на повеќе од 3 км оддалеченост од најоддалечената адреса во градските населби, или повеќе од 5 км во селските структури.

**Закон за политички партии**

Законот за политички партии ги уредува начинот, условите и постапката за основање, регистрирање, работа и престанок на работа на политичките партии.

**Кривичен закон**

Кривичниот закон содржи одредби што претставуваат основа за покренување на кривична постапка против прекршителите.

Член 111

Лице што ги спречува изборите и гласањето, го повредува и злоупотребува правото на глас, го повредува правото на слобода на избор на гласачот, нуди мито за време на изборите и на гласањето, уништува изборна документација и врши изборни малверзации, ќе биде казнето според одредбите на Кривичниот закон.

**Одредби на ДИК**

Улогата на одредбите на ДИК се состои во детално опишување на определени одредби од Законот, како и уредување на прашања што не се уредени со закон. Некои од одлуките на ДИК опфаќаат - Кодекс на правила за набљудувачите, половите прашања, кандидатурата, посебното гласање, правила за анкети на јавното мислење, гласачки ливчиња, итн.

Изборна администрација

Изборна администрација е термин што се употребува за означување на комплекс на државни тела што се одговорни за изведување на изборите. Овие тела се:

- Државната изборна комисија
- Изборната комисија на изборната единица (или регионална изборна комисија)
- Општински изборни комисии
- Избирачки одбори.

Државна изборна комисија

Државната изборна комисија е одговорна за извршувањето на многу задачи предвидени со закон. ДИК треба да:

- Се погрижи за правните прашања во подготовката и спроведувањето на изборите;
- Ги назначува претседателите на Општинските изборни комисии и нивни заменици;
- Го назначува составот на Регионалните изборни комисии, дава инструкции за нивната работа, објаснувања за примената на одредбите од овој Закон како и од други закони што се однесуваат на прашања поврзани со изборите;
- Воспостави општи стандарди во врска со изборниот материјал, обезбеди услови и се погрижи за нивната имплементација;
- Ја информира јавноста за начинот на гласање и за користењето на правото на глас;
- Усвои законик за правилата за набљудување на изборите од страна на домашни и странски набљудувачи, во согласност со меѓународните стандарди, и да им обезбеди на набљудувачите исправи за идентификација;
- Одлучува по приговорите;
- Ги утврди изборните резултати.

Регионална изборна комисија

За секоја изборна единица е назначена по една Регионална изборна комисија, лоцирана во општините Кисела Вода, Тетово, Битола, Куманово, Штип и Струмица. Регионалната изборна единица е составена од претседател, четири членови и нивни заменици. РИК е одговорна за задачи предвидени со закон, како:

- Водење на грижа за законското спроведување на изборите во изборната единица;
- Назначување на членови на Општинските изборни единици и нивни заменици;
- Потврдување и објавување на кандидатските листи за изборите на пратениците и утврдување на нивниот редослед на гласачкото ливче преку ждрепка;
- Преземање на технички подготовки за спроведување на изборите, согласно со добиените инструкции и напатствија од ДИК;
- Информирање на граѓаните за начинот и техниките на гласање;
- Регистрирање на овластените претставници за надзор на работата на Регионалните изборни комисии.

**Општинска изборна комисија**

Општинската изборна комисија е составена од претседател, четири члена и нивни заменици. ОИК:

- Се грижи за законско спроведување на изборите;
- Го назначува составот на избирачките одбори и дава напатствија во врска со нивното гласање;
- Ја објавува утврдената листа на кандидати;
- Презема технички подготовки за спроведување на изборите во согласност со добиените инструкции и напатствија од Регионалната и Државната изборна комисија;
- Ги информира граѓаните за начинот и техниката на гласање;
- Ги регистрира овластените претставници за надзор на работата на Општинската изборна комисија и на избирачките одбори;
- Го предава изборниот материјал на РИК во рок од 3 часа.

**Избирачки одбор**

Избирачките одбори се одговорни за спроведување на изборите на гласачкото место. Избирачкиот одбор:

- Ја обезбедува регуларноста и тајноста на гласањето, овозможува слободно и мирно спроведување на гласањето, ги сумира резултатите од гласањето на гласачкото место и ги објавува на истото место каде што било спроведено гласањето;
- Се грижи за редот и мирот на гласачкото место;
- Може да побара помош од полиција за воспоставување на редот на гласачкото место;
- Доколку е нарушен редот и мирот на гласачкото место Избирачкиот одбор може да го прекине гласањето додека редот повторно не биде воспоставен;
- Прави записник за својата работа и го поднесува до Општинската изборна комисија заедно со останатите изборни материјали.

**Врховен суд**

Според изборното законодавство Врховниот суд е надлежен во два случаја:

- За сите жалби на граѓаните по одлуките на ДИК во врска со уписот, бришењето или ажурирањето на податоците во Избирачкиот список.

Конечната одлука што Врховниот суд на Република Македонија ќе ја донесе по некоја жалба се смета за основа за впишување, промена и бришење на податоци во Избирачкиот список. Врховниод суд одлучува по поднесените жалби на овие решенија во регуларна постапка (3 судии).

- За сите жалби по одлуките донесени од страна на ДИК во врска со прекршувања на изборната постапка: ненавремено поднесување на листи, поништување на гласањето на гласачките места.

Врховниот суд на Република Македонија и Апелационите судови одлучуваат по жалбите во Совет од 5 судии, избрани преку ждрепка.

# III ИЗБОРЕН ПРОЦЕС

Изборниот процес може да се подели на следниве компоненти:

- Објавување на изборите
- Формирање на изборна администрација
- Кандидатура
- Водење на кампања
- Ден на изборите
- Табеларен приказ на резултати
- Приговори
- Објавување на резултати

**Објавување на изборите**

Претседателот на Собранието ги објавува парламентарните избори како што е предвидено со закон. Изборите беа објавени на 4 јули 2002 година. Изборите мора да бидат спроведени во рок од 70 до 90 дена по објавувањето.

**Формирање на изборна администрација**

Изборната администрација се формира по објавувањето на изборите. Повеќе детали за ова може да се најдат во делот за правната рамка.

**Кандидатура**

Кандидатурата претставува процес на поднесување на кандидатските листи. Во случај на поднесување на листи од страна на група на гласачи, листата мора да биде поддржана со најмалку 500 потписи. Листите се поднесуваат до Регионалната изборна комисија не покасно од 40 дена пред изборите.

**Кампања**

Кандидатите имаат право да организираат изборна кампања. Организаторите на изборните кампањи ќе имаат еднакви права и ќе можат под исти услови да ги употребуваат сите форми на политичка пропаганда, информирање и други форми на пропаганда. Кампањата започнува 30 дена пред изборите, а завршува 24 часа пред денот на изборите (Петок, 13.09. 24:00). Анкетите на јавното мислење не можат да бидат објавувани покасно од 5 дена пред денот на изборите.

**Ден на избори**

Денот на изборите е 15 септември 2002 година. Гласањето на денот на изборите започнува во 07:00 и завршува во 19:00. Изборите за војската, затворениците и внатрешно раселените лица ќе бидат организирани на 14 септември 2002 година.

**Табеларен приказ на резултати**

Регионалната изборна комисија ќе подготви табеларен приказ на резултатите по приемот на изборните материјали од општинските комисии.

### Приговори

Приговорите можат да се поднесуваат на различни нивоа. Ако кој било гласач или подносител на листа на кандидати забележи нерегуларности во изборната постапка, тој може да поднесе приговор кај Регионалната изборна комисија во рок од 48 часа.

Секој подносител на листа на кандидати во постапката на гласањето, броењето на гласовите и утврдувањето на резултатите од гласањето има право да поднесе приговор до Државната изборна комисија во рок од 48 часа по откривањето на нерегуларностите.

### Повторени избори

Државната изборна комисија може, со одлука, да го поништи гласањето на гласачко место во следниве случаи:

- Ако била повредена тајноста на гласањето;
- Доколку има прекин на гласањето подолго од 3 часа;
- Ако полицијата не одговори на барањето за интервенција од страна на избирачкиот одбор;
- Ако бројот на гласачки ливчиња во гласачката кутија е поголем од гласачите што гласале, и тој број влијае на резултатите од гласањето на ниво на изборна единица;
- Ако некое лице или некои лица гласаат за друго лице/а, и ако таквиот број на гласови влијае на резултатите од гласањето на ниво на изборна единица.

Гласањето на гласачкото место кое што било поништено ќе биде повторено во рок од 14 дена од денот на гласањето.

### Објавување на резултатите

Конечните резултати се објавуваат од страна на Државната изборна комисија во рок од три дена по денот на изборите.

# IV ПРОЦЕС НА ДЕНОТ НА ИЗБОРИТЕ

**Гласање на 14-ти септември**

Денот за бирање на членовите на македонскиот парламент е 15-ти септември. Меѓутоа, на 14-ти септември ќе се организира гласање за осудените затворении, регрутите и војската и за внатрешно раселените лица. Тие ќе гласаат во нивните институции и гласањето ќе се изведува од Избирачкиот одбор на најблиското Гласачко место. Во него ќе се вклучат и оние луѓе кои се инвалидизирани и не можат да дојдат до гласачкото место на денот на изборите, ако побараат да гласаат 3 дена пред денот на изборите.

Гласачките ливчиња кои ќе се користат при вакво гласање ќе се одземат од вкупниот број на гласачки ливчиња на Ниво на Регионалната Комисија.

Гласачите кои гласаат на 14 септември ќе се избришат од гласачките списоци од изводот.

**Документи и материјали на Избирачкиот одбор**

Избирачкиот одбор ќе добие материјали еден ден пред гласањето. Во овие материјали спаѓаат:

- Гласачки кутии и гласачки паравани
- Формулари за записниците
- Блок со гласачки ливчиња, според изводоците од Гласачкиот список
- Листа на кандидати
- Оверен извадок од Гласачкиот список
- Средства за одбележување и контролирање на лицата кои гласале (У-ве сијалици, спреј, графитно пенкало)
- Други материјали потребни за гласање

Претседателот на Избирачкиот одбор ќе изврши инспекција на добиените материјали и ќе ги потпише записниците.

Избирачкиот одбор ќе добие онолку гласачки ливчиња колку што има гласачи на извадокот од Гласачкиот список - не повеќе.

**Отворање на гласачките места**

Гласачките места мора да бидат отворени во 07:00 часот. Гласачкиот одбор мора да биде присутен на ГМ најмалку еден час (06:00) пред отворањето на гласачкото место за да го подготви ГМ за гласање и за да изврши инспекција на материјалите и да процени дека:

- Просторијата е во иста состојба во која била оставена еден ден пред изборите;
- Изборниот материјал е во иста состојба во која бил оставен еден ден пред изборите;
- Гласачката кутија е празна.

Избирачкиот одбор ќе ги пополни записниците за состојбата која била констатирана а претседателот и членовите на Одборот ќе ги потпишат.

**Изглед на гласачкото место**

Претседателот на Избирачкиот одбор ќе
- Ги изброи и ќе го објави вкупниот број на гласачи чии имиња се појавуваат на Единствениот избирачки список.
- Го потврди и објави вкупниот број на гласачки ливчиња кои првично биле добиени.
- Ги забележи сериските броеви на нумерираните пластични безбедносни пломби за гласачките кутии.
- Направи забелешка за сите присутни набљудувачи.
- Ги смести гласачките кутии на место каде ќе можат да ги видат сите набљудувачи.

Набљудувачите имаат право да проверат дали гласачката кутија е празна.

Не смее да има материјали од изборната кампања во гласачкото место, ниту ознаки на ниту една политичка партија. Претседателот, членовите на Регионалната Изборна комисија, Општинската изборна комисија и Избирачкиот одбор и нивните заменици, како и претставниците на подносителите на листите и набљудувачите, не смее да имаат ознаки или симболи на политичка партија или на кандидат за време и на местото на гласањето.

Избирачкиот одбор е обврзан да го одстрани пропагандниот материјал од зградата и просторијата каде се одвива гласањето во радиус од 100 метри.

**Идентификација и регистрирање на гласачот**

Гласачите пристапуваат на гласањето еден по еден. Еден од членовите на Избирачкиот одбор проверува дали гласачот е на вистинско место.

Кога гласачот ќе пристапи, Избирачкиот одбор утврдува со ултра-виолетова ламба дали гласачот има неизбришлив 12 знак на палецот на неговата десна дланка, при што го проверуваат и ноктот на палецот на гласачот. Ако гласачот нема мастило, Избирачкиот одбор го проверува неговиот идентитет - со лична карта или пасош. Ако гласачот има мастило, тој не може да гласа.

Ако гласачот е регистриран на ова гласачко место, Избирачкиот одбор го запишува неговиот реден број во изводокот од Гласачкиот список а гласачот се потпишува, а ако е неписмен става отпечаток со неговиот десен показалец. Ако гласачот нема показалец на десната рака, тогаш ќе стави отпечаток со показалецот од левата рака, а ако нема показалец ни на левата рака, тогаш не треба да стави отпечаток.

**Издавање на гласачко ливче**

По вршењето на идентификацијата, гласачот ќе добие гласачко ливче а неговиот десен палец, или лев палец - ако нема десен, ќе биде обележен со невидливо мастило за обележување, при што нанесеното мастило мора да го покрие ноктот од палецот. Ако гласачот нема палец на ниту една од рацете, тогаш нема да се изврши обележувањето.

Гласачите ќе добијат само едно гласачко ливче.

Во случај на грешка, нема да се издаде друго гласачко ливче.

Гласачкото ливче ќе биде изведено по нумерички ред од талонот на кочанот и ќе му се даде на гласачот, додека серискиот број ќе остане на талонот.

## Гласање

Избирачкиот одбор ќе му даде инструкции на гласачот како се гласа, но не може да му каже за кого да гласа. Избирачкиот одбор смее да му укаже на гласачот:

- Да појде до гласачкиот параван,
- Дека може да стави само еден знак на гласачкото ливче,
- Дека може да избере една политичка партија, коалиција или кандидат по свој избор,
- Да ги превитка гласачките ливчиња пред да го напушти гласачкиот параван и да ги стави гласачките ливчиња во гласачката кутија.

### Гласачки параван

Гласачот ќе гласа со заокружување на редниот број на подносителот на листата за која се решил да гласа зад гласачкиот параван. За да се зачува тајноста на гласањето, не смее да има повеќе од едно лице зад паравнот. Не е дозволено да му се меша на гласачот за време на гласањето или пак да се праша за кого тој гласал, откако ќе го напушти гласачкиот параван.

### Неписмени, слепи и физички инвалидизирани гласачи

Единствениот исклучок се појавува ако лицето е неписмено, слепо или физички инвалидизирано. Во овие случаи, гласачот може да побара да му се пружи помош од некој кој тој ќе го избере. Ако гласачот нема лице кое ќе му помогне при гласањето, Избирачкиот одбор ќе назначи друго лице од другите гласачи. Лицето кое ќе му помага на другото лице при гласањето, не смее да биде член на Избирачкиот одбор, претставник на подносителот на листата или еден од набљудувачите. Едно лице може да помогне само двапати.

## Ред на гласачкото место

Избирачкиот одбор се грижи за редот и мирот на гласачкото место. Избирачкиот одбор може да го отстрани секое лице кое го нарушува редот и мирот на гласачкото место. Зградата во која се наоѓа гласачкото место, за време на гласањето, ќе биде обезбедена од полицијата, но таа не смее да се наоѓа на самото гласачко место освен ако Претседателот на Избирачкиот одбор не побара помош од полицијата за остварување на редот на гласачкото место.
Забрането е внесување на оружје во гласачкото место, освен за полицијата која го спроведува редот.

Ако е нарушен редот на гласачкото место, Избирачкиот одбор може да го прекине гласањето, се до неговото повторно воспоставување.

Избирачкиот одбор ќе го прекине гласањето ако зградата во која се наоѓа гласачкото место не е обезбедена од полицијата, а имало потреба за тоа, или ако полицијата била повикана но не одговорила на повикот.

Ако гласањето биде прекинато повеќе од еден час, тоа ќе биде продолжено за онолку време колку што траел прекинот, но не повеќе од 3 часа.
Ако прекинот траел повеќе од 3 часа, гласањето ќе биде повторено.

Полицијата ќе го обезбедува Избирачкиот одбор се до предавањето на записниците и изборниот материјал на Општинската Изборна Комисија, ако тоа го побара Избирачкиот одбор.

**Затворање на гласачкото место**

Гласачкото место ќе биде затворено во 19:00, а на гласачите кои се нашле во зградата каде се одвива гласањето ќе им се дозволи да го дадат својот глас.
Избирачкиот одбор може да го затвори гласачкото место пред 19:00 часот, ако сите гласачи кои се заведени во изводот од Гласачкиот список веќе гласале.

По затворањето на гласачкото место, полицијата ќе ја обезбеди зградата и ќе ги отстрани сите неовластени лица од неа.

**Пребројување на гласовите**

Пребројувањето на гласовите ќе се изврши откако гласачите ги предале гласачките ливчиња и го напуштиле гласачкото место. Резултатите од гласањето ќе се бројат на следниов начин:

1. Неискористените гласачки ливчиња ќе бидат пребројани и сместени во посебен плик кој е затворен, запечатен и на него е напишан бројот на гласачкото место и вкупниот број на неискористени гласачки ливчиња;
2. Ќе се одреди вкупниот број на гласачи регистрирани во изводот од Гласачкиот список кои го дале својот глас и се потпишале или ставиле отпечаток;
3. Ќе биде отворена гласачката кутија и ќе започне пребројувањето на гласовите;
4. Еден член ќе биде избран преку ждрепка, за да ги вади гласачките ливчиња од гласачката кутија, едно по едно, и да ги подава на претседателот на Избирачкиот одбор;
5. Гласачкото ливче се покажува на сите членови на Избирачкиот одбор, на сите претставници на подносителите на листите и на набљудувачите;
6. Избирачкиот одбор ќе одреди дали гласачкото ливче е важечко и за која листа бил даден гласот;
7. Дадениот глас ќе биде забележан, гласачкото ливче ќе биде ставено на соодветно место и новото гласачко ливче ќе се извади од гласачката кутија.

**Важечки /неважечки гласачки ливчиња**

Гласачкото ливче е важечко ако е заокружен бројот пред листата.
За важечко се смета она гласачко ливче ако со сигурност и недвосмислено може да се одреди изборот на гласачот.
Гласачкото ливче ќе се смета за неважечко ако тоа не е пополнето, или ако се заокружени повеќе листи на кандидати од една.

**Записници на Гласачкото место**

По пребројувањето на гласовите, Избирачкиот одбор ги пополнува записниците. Информациите кои ќе бидат внесени во записниците ќе содржат:

- Реден број на гласачкото место,
- Времето на почнување и завршување на гласањето;
- Вкупен број на гласачите во гласачкото место според изводот од Гласачкиот список;
- Вкупен број на гласачи кои гласале;
- Вкупен број на гласачки ливчиња кои биле ставени во гласачката кутија;
- Вкупен број на неважечки гласачки ливчиња и вкупен број на гласови кои ги освоила секоја листа на кандидати поединечно.

Во записниците ќе бидат забележани и можните коментари на членовите на Избирачкиот одбор. Претседателот на Избирачкиот одбор и членовите ќе ги потпишат записниците. Записниците се сметаат за важечки ако ги потпише мнозинството од членовите на Избирачкиот одбор. Претседателот на Избирачкиот одбор мора да ја наведе причината зошто некој од членовите на одборот не ги потпишал записниците. Ако мнозинството од членовите на Избирачкиот одбор не ги потпише записниците, записниците ќе се направат и потпишат од Општинската изборна комисија, врз основа на вкупниот гласачки материјал.

**Поплаки и коментари**

Ако партиските набљудувачи имаат коментари, тие имаат право да ги внесат во записниците и само коментарите кои се забележани во нив може да бидат искористени во жалбите и да подлежат на проценка во апелационите постапки.

Ако коментарите на партиските набљудувачи не се забележат во записниците, тие имаат право да ги поднесат на Општинската изборна комисија во рок од 5 часа по завршувањето (потпишувањето) на записниците.

Секој партиски набљудувач ќе добие примерок од записниците.

По завршувањето на пребројувањето на гласовите и на записниците, Избирачкиот одбор веднаш ќе ги објави и предаде резултатите собрани од гласањето кое се одвивало во гласачкото место.

**Општинска изборна комисија**

Материјалот од гласањето ќе биде поднесен на Општинската изборна комисија од страна на претседателот на Избирачкиот одбор, во придружба на заинтересираните членови на Избирачкиот одбор и полицијата, ако за тоа има потреба

**Регионална изборна комисија**

Материјалот од гласањето ќе биде предаден до Регионалната изборна комисија од страна на претседателот на Општинската изборна комисија, во придружба на заинтересираните членови на Општинската изборна комисија и полицијата, во рок од 3 часа по примањето на материјалот од гласањето од страна на Избирачкиот одбор.

**Државна изборна комисија**

Регионалната изборна комисија записниците за својата работа и целокупниот изборен материјал ги доставува до Државната изборна комисија во рок од осум часа од приемот на изборниот материјал.

# V ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА НА НАБЉУДУВАЊЕТО НА ИЗБОРИТЕ НА МОСТ

**За МОСТ**

Граѓанската асоцијација за развој на демократските институции "МОСТ" е организација која е оформена од претставници на 20 македонски организации. Организацијата беше регистрирана за да ги поддржи и спроведе коалиционите активности за претстојните парламентарни избори закажани за септември 2002 година..

Застапувајќи ги принципите за непартизам и признавајќи ги вредностите за домашното набљудување на изборите, МОСТ ги набљудува изборите, но исто така презема низа активности со кои ќе се подигне кредибилитетот на домашниот изборен мониторинг, доволен за целите на домашното набљудување на изборите - спречување на изборните нерегуларности и фалсификати, вклучување на граѓаните во изборниот процес, придонесување за транспарентноста на изборната администрација и спречување на насилството за време на изборите.

**Централна канцеларија**

Централната канцеларија е лоцирана во Скопје, на улица 13 Јули 20а. Персоналот на централната канцеларија го сочинува:

Директорот за кампања - Снежана Ѓорѓевска

Коодинатори на Регионалните канцеларии - Лаура Бекири и Димче Каневче

Врски со јавноста и медиумите - Македонка Трајковска

Финансиски директор - Зоран Блажевски

Асистент за кампања - Нино Кузмановски и Норик Селими

Раководител на канцеларија - Фатмире Ибрахим

- На денот на изборите, Централната канцеларија ќе биде одговорна за прес центарот; таа е единствено овластена за давање на информации на медиумите
- PVT центар; штаб за собирање-обработка на гласовите
- На повик; помага при решавањето на големите инциденти и информирање на властите (правна помош, ДИК, медиуми)

**Регионална канцеларија**

Регионалните канцеларии се главните раководители на набљудувачите. Шеф на секоја канцеларија е регионалниот координатор. Канцелариите обично имаат еден, или повеќе асистенти. Нивните задачи се:

- Регрутирање и обука на набљудувачите
- Распоредување на набљудувачите
- Претставување на МОСТ на регионално ниво
- Прибирање на извештаи и известување

На денот на изборите, регионалните канцеларии ќе бидат отворени 24 часа. Тие ќе ги испраќаат своите извештаи до централната канцеларија, и ќе ги координираат мобилните тимови.

**Мобилни тимови**

Мобилните тимови се набљудувачи кои не се распоредени на одредено гласачко место. Тие имаат автомобил и ги посетуваат гласачките места каде треба да го изведуваат набљудувањето. Мобилните тимови служат како "итна служба" и како поддршка во итни ситуации.

Кога не служат како набљудувачи, тие ги посетуваат гласачките места и остануваат таму околу половина час за да го пополнат формуларот на мобилниот тим.

**Координатори на набљудувачите**

Некои канцеларии назначуваат Координатори на набљудувачите. Координаторите собираат извештаи, ги координираат набљудувачите, итн...

**Набљудувачи**

Набљудувачите на МОСТ ќе бидат лоцирани низ целата земја. Нивната задача е да ги набљудуваат изборите на Денот на изборите и да дадат известување за набљудувањето. Супервизија на набљудувачите извршува Регионалниот координатор и неговиот асистент.

# VI ИНСТРУКЦИИ ЗА НАБЉУДУВАЧИТЕ

**Што треба да понесете со вас**

Акредитација
Писмо на овластување и ваша лична карта
Формулари
Овој прирачник
Тефтер и пенкала
Контролни списоци
Часовник
Пијалок и јадење (без алкохол)
Телефон

Ви предлагаме да си земете списание или книга, бидејќи во малите гласачки места ќе има период кога нема да доаѓаат гласачи. Не читајте за време на гласањето!

**Формулари**

Сите копии на формуларите се во овој прирачник. Забележувајте во тефтерот и пополнете го формуларот откако ќе се заврши пребројувањето на гласовите и ќе се потпишат службените записници. Има 2 основни формулара: P1 и K1

**Формулар P1**

Формуларот P1 е формулар кој секој од набљудувачите го пополнуваат на крајот од денот. Во текот на денот, набљудувачот фаќа забелешки во тефтерот.

**Формулар K1**

Формуларот K1 е формулар кој се пополнува ако дојде до критична ситуација на гласачкото место.

**Како да се однесувате**

Бидете подготвени за проблеми, недоразбирања и збрки. Никој не е совршен, дури ни Избирачкиот одбор, а ненамерните грешки можат и ќе се случуваат. Кога ќе се случи вакво нешто, останете прибрани. Сетете се дека вашата задача е да набљудувате, а не да се мешате во избирачкиот процес.

Избирачкиот одбор ќе одреди место за набљудувачите. Седнете така што ќе можете да го набљудувате гласачкиот процес.

Не говорете со гласачите.

Не разговарајте со другите набљудувачи на Избирачкиот одбор за политички теми. Одбегнувајте теми кои можат да наведат да мислат за вас дека сте пристрасен.

ИСКЛУЧЕТЕ ГО SВОНЕЊЕТО НА ВАШИОТ МОБИЛЕН ТЕЛЕФОН!
АКО МОРА ДА ОДГОВОРИТЕ НА ПОВИК, НАПРАВЕТЕ ГО ТОА ТАКА ШТО НЕМА ДА ИМ ПРЕЧИТЕ НА ГЛАСАЧИТЕ И ДРУГИТЕ НАБЉУДУВАЧИ!

**Пристигнување на гласачкото место**

Претставете му се на претседателот на Избирачкиот одбор. Побарајте од претседателот да ве запише како набљудувач во дневникот. Претставете се на останатите членови на Избирачкиот одбор и другите набљудувачи. Потрудете се вашата акредитација да биде видлива.

**Отворање на гласачките места**

Би требало да дојдете во гласачкото место во 6:00 за да можете да ги проверите материјалите и да го видите изгледот на гласачкото место. Проверете ги гласачките паравани дали има пропагандни ознаки или материјали позади нив. Забележете го серискиот број на печатот.

Ако пристигнете покасно на гласачкото место, немате право да побарате печатите да бидат скршени за да ја проверите гласачката кутија.

**Гласачко место: внатре и надвор**

Проверете дали има каков било пропаганден материјал во гласачкото место, или надвор од гласачкото место. Не смее да има плакати во радиус од 100 метри од гласачкото место.
Дали некој надвор од гласачкото место ги заплашува гласачите? Забележете дали има лица кои се обидуваат да говорат со гласачите кои пристигнуваат.
Забележете дали во гласачките места влегуваат и остануваат униформирани лица.

**Гласачка процедура**

Забележете дали гласачите можат да се најдат на Избирачкиот список и дали го потпишуваат изводот од Избирачкиот список. Забележете дали гласачите ги покажуваат нивните документи за идентификација.

Дали има гласачи на кои не им се дозволува да гласаат? Зошто? Запаметете дека гласачот МОРА да биде регистриран во изводот од Избирачкиот список и да има лична карта. Ако не биде исполнет еден од овие услови, на гласачот нема да му биде дозволено да гласа.

Набљудувајте го прскањето на спрејот на гласачите. Дали секој гласач бил испрскан со невидливо мастило? Дали Избрачкиот одбор ги проверува прстите на гласачите со У-ве лампа?

Набљудувајте ја тајноста на гласањето.
Дали имало повеќе од едно лице позади параванот? Дали Избирачкиот одбор забранува да има повеќе од едно лице позади параванот?

Набљудувајте дали гласачката кутија и целосниот избирачки процес биле постојано видливи.

Забележете дали гласачите остануваат во гласачкото место по гласањето.

**Пребројувањ е**

Поставете се така што ќе можете да го гледате гласачкиот процес. Користете го овој прирачник за да увидите дали Избирачкиот одбор ја следи процедурата која е опишана во ПРОЦЕС НА ДЕНОТ НА ИЗБОРИТЕ - дел IV.

Дали пенкалата се одстрануваат од масата? Дали Одборот користи само графички пенкала?

Многу важно - дали неискористените гласачки ливчиња се пакуваат и тргаат на страна пред пребројувањето?

**Критични инциденти**

Иако се надеваме дека Денот на изборите во целост ќе биде регуларен и дека нема да има проблеми, наша должност е да ве предупредиме и да ви посочиме дел од ситуациите, за да знаете како да реагирате:

За критичен инцидент се смета ако

- Не ви е дозволено да влезете во гласачкото место, или ако сте отстранети од гласачкото место, или ако не ви е дозволено правилно да ја набљудувате процедурата,
- Сите видови на насилство на гласачкото место
- Непоканети униформирани службеници во гласачките места.
- Систематско прекршување на правилата
- Хаос на гласачкото место
- Исчезнување и немање на гласачки материјали
- Уфрлување на повеќе од едно гласачко ливче во гласачката кутија
- Ако по гласањето имало повеќе гласачки ливчиња од луѓе кои гласале
- Ако пред гласачкото место се одвива кампања или заплашување на гласачите
- Ако гласачите примаат пари пред гласачките места.

Ако забележите ваква ситуација:

1. Пополнете формулар за критични ситуации
2. Јавете се на телефонскиот број **080 080 080** или на регионалната канцеларија.

**Известување**

Како да го процените процесот на денот на изборите?

- Прво, направете разлика помеѓу ситните грешки во водењето на гласањето и нерегуларностите кои систематски се повторуваат.
- Второ, направете разлика помеѓу нерегуларности кои влијаат на резултатите од гласањето и оние кои не влијаат.

Сите нерегуларности кои влијаат на резултатите од гласањето се сметаат за Критични!

Мора да знаете точно како и кога да ги предадете формуларите. Побарајте од регионалниот координатор детално објаснување.
Ако не сте сигурни за нешто, а ви се потребни информации - повикајте го вашиот регионален координатор. Ако ви се потребни информации ВЕДНАШ свртете 080 080 080

НЕ ГОВОРЕТЕ СО МЕДИУМИТЕ И НЕ ДАВАЈТЕ КОМЕНТАРИ ЗА ИЗБИРАЧКИОТ ПРОЦЕС!
Вашиот коментар би можело да се објави и да се искористи за погрешно толкување на ситуацијата! Многу е важно МОСТ да даде известување за медиумите врз основа на целосната состојба!

# VII ПРИЛОЗИ

Кодекс на ДИК за однесувањето на набљудувачите

*Врз основа на член 32 точка 12 и член 109 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, Државната изборна комисија на седницата одржана на 7 август 2002 година, донесе*

## *КОДЕКС*

*За утврдување на правилата и процедурата за наблудување на изборите и изборната постапка на домашни и странски наблудувачи*

*Пратениците во Собранието на Република Македонија се избираат на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање. Притоа, никој не смее да го повика избирачот на одговорност поради гласањето, ниту пак од него да бара за кого гласал или зошто не гласал.*

*Кодексот има за цел да ги утврди правилата за наблудување на изборите и изборната постапка и процедурата за вршење на наблудувачката мисија на домашните и странски наблудувачи, а во функција да се подобри интегритетот и траспарентност на изборниот процес.*

*1. Правила за наблудување на изборите*

*Правилата се збир на практични насоки за спроведување на наблудувањето на изборите и изборната постапка:*

*-Наблудувачите треба да ги познаваат и почитуваат изборните закони и да се придржуваат кон сите законски и подзаконски акти со кои се уредува постапката за избор на пратеници во Собранието на република Македонија;*

*-Наблудувачите се непристрасни во извршувањето на своите должности и во ниеден момент не смеат да изразат пристрасност кон изборните органи, политичките партии, група избирачи, кандидатите за пратеници или по било какво спорно прашање во изборниот процес;*

*-Наблудувачите нема да се мешаат во изборниот процес, во постапката на денот на изборите како и во постапката при броењето на гласовите;*

*-Наблудувачите се должни да носат лична исправа за идентификација и исправа за идентификација (беџови) издадени од Државната изборна комисија;*

*-Наблудувачите не смееат да носат никакви партиски симболи или ознаки;*

*-Наблудувачите не смеат да даваат упатства или да влијаат на работата и одлуките на изборните органи;*

*-Наблудувачите се воздржуваат од давање лични и предвремени коментари за наблудувањето на средствата за јавно информирање или на други заинтересирани лица;*

*-Наблудувачите своите заклучоци ќе ги засноваат на документирани и потврдени факти.*

***2.** Утврдување на процедурата за вршење на наблудувачката мисија*

*Со својство на наблудувачи, организациите и лицата од член 109 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, се стекнуваат по добивање на овластување од Државната изборна комисија.*

*Право да достават барање за стекнување својство на наблудувач до Државната изборна комисија имаат:*

*1. регистрираните домашни и странски здруженија на граѓани во Република Македонија и регистрираните здруженија на странски земји во чии статути се вклучуваат начелата на демократија и заштита на човековите права;*

*2. меѓународни организации и*

*3. претставници на странски земји*

*Барањето за наблудување со потребните исправи се доставува до Државната изборна комисија од денот на распишување на изборите, а најдоцна десет дена пред денот на гласањето.*

*При посетата на седиштата на изборните органи ина избирачките места наблудувачите ги покажуваат: овластување, исправите за идентификација и исравите за идентификација (беџови) издадени од Државната изборна комисија.*

*Државната изборна комисија издава овластување на регистрираните домашни истрански здруженија на граѓани во Република Македонија и регистрираните здруженија на странски земји на меџународни организации и претставници на странски земји и исправи за идентификација (беџови) на наблудувачите.*

*Исправите за идентификација (беџови) имаат правоаголен облик. На левиот горен дел знамето на Република Македонија, а на десниот горен дел стои текст "Република Македонија, Државна изборна комисија, Парламентарни избори 2002".*

*За домашните наблудувачи, во долниот дел на безот во средина на сива подлога стои текст "домашен наблудувач" и следи името и презимето на наблудувачот.*

*За меџународните наблудувачи, во долниот дел на беџот во средина на зелена подлога стои текст "меџународен наблудувач" и следи името и презимето на наблудувачот.*

*За преведувачите, во долниот дел на беџот во средина на бела подлога стои текст "преведувач" и следи името и презимето на преведувачот.*

*Од задната страна на беџовите стои печат на Државната изборна комисија.*

*Државната изборна комисија има право да одзема овластување за наблудување и исправите за идентификација (беџови) издадени на домашните и странски наблудувачи, доколку утврди дека наблудувачите работат спротивно на правилата на овој Кодекс.*

***ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА***

Изјава на набљудувачите на МОСТ

***Јас_________________________________ , се обврзувам да го почитувам кодексот за набљудувачи на ДИК и притоа изјавувам:***

*1. Не сум носител на партиска функција ниту кандидат за пратеник на Парламентарните Избори 2002.*

*2. Нема да бидам активен во партиските кампањи за Изборите 2002.*

*3. Целосно ги разбирам и ќе ги почитувам одредбите во Кодексот за набљудувачи издаден од ДИК.*

*4. Се задолжувам најдобро што можам да ги извршувам своите обврски објективно, чесно, непристрасно и без партиско влијание.*

*5. Целосно ќе ги почитувам инструкциите давани од Регионалните Координатори, Асистенти и Координаторите на набљудувачи на МОСТ.*

*6. Дека ќе поднесам извештај пополнет и потпишан од мене, кој ќе содржи податоци кои се точни и прецизни.*

*7. Нема да давам јавни или изјави за медиумите како набљудувач на МОСТ без дозвола од Централната канцеларија.*

*Дата:_______* *Потпис: ______________________*

Овластување на МОСТ ------------- ИНСЕРТИРАНО ВО ПРИРАЧНИКОТ

## ОВЛАСТУВАЊЕ

Граѓанската асоцијација за развој на демократските институции МОСТ, го овластува лицето ____________________________________________
со матичен број______________адреса______________________________
да биде домашен набљудувач на парламентарните избори 2002 и да врши набљудување на изборниот процес на гласачко место_____ИЕ_____ согласно законските прописи и Кодексот на државната изборна комисија за однесување на набљудувачите, почитувајќи ги правилата на објективност и непристрасност.

Дата:_______ Претседател на МОСТ: Ѓорѓевска Снежана

________________

Формулар Р1 ------------- ИНСЕРТИРАН ВО ПРИРАЧНИКОТ

Формулар К1 (Критични инциденти) ------------- ИНСЕРТИРАН ВО ПРИРАЧНИКОТ

**Ве молиме користете го овој простор за вашите забелешки**

Важни телефони и инфо контакти:

## Критична Телефонска Линија: **080 080 080**

Телефон на Регионалната Канцеларија: ______________________

Факс на Регионалната Канцеларија: ______________________

Мобилен телефон на Регионалниот Координатор: ______________________

Мобилен телефон на координаторот на набљудувачот: ______________________

Телефон на Мобилниот Тим: ______________________

Други телефонски броеви: ______________________

